РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ЗАКОНОДАВСТВО
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
SEKRETARIATI I LEGJISLACIONIT
Бр./Nr. 04-2467/2
12.06 20 19 год./vj.
СКОПЈЕ - SHKUP

**Влада на Република Северна Македонија**

**- СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ЗАКОНОДАВСТВО –**

Врз основа на член 48 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 05/16, 142/16 и 11/18), член 2 од Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за напредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас („Службен Весник на Република Македонија" бр. 11/15 и 35/18) и Правилникот за систематизација на работните места во Секретаријатот за законодавство на Владата на Република Македонија бр.01-3214/1 од 09.04.2015 година и бр.01-655/1 од 29.01.2018 година, Секретаријатот за законодавство на Владата на Република Северна Македонија објавува,

# ИНТЕРЕН ОГЛАС
# број 02/2019

## за пополнување на (2) работни места со унапредување

1. **Работно место**: Државен советник за економска политика, со шифра УПР0101Б01000, со звање државен советник.........................(1) извршител

<u>Општи услови</u> предвидени за работното место утврдени со Законот за административните службеници и Правилникот за систематизација на работните места на Секретаријатот за законодавство се:

- да е државјанин на Република Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место.

<u>Посебни услови :</u>

- Правен факултет, со најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење
- потврда за положен испит за административно управување
- најмалку шест години работно искуство во струката од кои најмалку две години на раководно работно место во јавен сектор, односно најмалку десет години работно искуство во струката од кои најмалку три години на раководно работно место во приватен сектор,


Секретаријат за законодавство
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Св. Кирил и Методиј" бр. 54, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 32 28 203
info@sz.gov.mk
www.sz.gov.mk

- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски)

**Потребни општи работни компетенции на напредно ниво:**

- решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг;
- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- стратешка свест;
- ориентираност кон клиенти/засегнати страни; и
- финансиско управување.

Работни Денови: понеделник до петок.
Почеток на работно време помеѓу 07:30 часот до 08:30 часот.
Завршеток на работно време помеѓу 15:30 часот до 16:30 часот.
Неделно работно време: 40 (четириесет) часа.
Паричниот износ на збирот од делот од основна плата со кој се вреднува степенот на образование и додатокот на плата за звање изнесува 36.886, 00 денари.

2. **Работно место**: Соработник за даночни, банкарски, девизни и царински прашања со шифра УПР0101В03000, со звање соработник, ниво, во **Одделението за финансиски систем, Сектор за финансиски систем и економска политика**.......................(1) извршител

<u>Општи услови</u> предвидени за работното место утврдени со Законот за административните службеници и Правилникот за систематизација на работните места на Секретаријатот за законодавство се:

- да е државјанин на Република Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место

<u>Посебни услови :</u>

- Правен факултет, со најмалку 180 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење
- најмалку една година работно искуство во струката
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски)

**Потребни општи работни компетенции на средно ниво:**

- решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг;
- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- стратешка свест;
- ориентираност кон клиенти/засегнати страни; и
- финансиско управување.

Работни Денови: понеделник до петок.
Почеток на работно време помеѓу 07:30 часот до 08:30 часот.
Завршеток на работно време помеѓу 15:30 часот до 16:30 часот.
Неделно работно време: 40 (четириесет) часа.
Паричниот износ на збирот од делот од основна плата со кој се вреднува степенот на образование и додатокот на плата за звање изнесува 22.522, 00 денари.

На интерниот оглас може да се јави административен службеник, вработен во истата институција, кој ги исполнува општите и посебните услови за пополнување на работното место пропишани за соодветното ниво во овој закон и во актот за систематизација, како и:

- да е оценет со оцена „А" или „Б" при последното оценување,
- да е на работно место на непосредно пониско ниво или да е на работно место во рамки на истата категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас,
- да поминал најмалку две години на тековното работно место и
- да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас

Кандидатите за унапредување се пријавуваат на интерниот оглас со поднесена попол-

нета пријава и докази за податоците содржани во пријавата и истата преку Архивата на Секретаријатот за законодавство на Владата на Република Македонија ја доставуваат до Одделението за управување со човечки ресурси на Секретаријатот за законодавство на Владата на Република Македонија, како и преку службената електронска адреса на Одделението за управување со човечки ресурси hr@sz.gov.mk.

Ненавремена, нецелосна и неуредно пополнета пријава, нема да биде предмет на разгледување.

*Рокот за доставување на пријавите изнесува 5 (пет) дена, сметано од денот на објавување на огласот .*

Постапката ќе ја спроведе Комисијата за селекција за унапредување формирана од страна на секретарот на Секретаријатот за законодавство на Владата на Република Македонија.

**Напомена:** Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата се дисквалификува од натамошна постапка.

СЕКРЕТАР
Лила Пејчиновска Миладиновска

Изготвил: Марија Биљановска Илијоска


Секретаријат за законодавство
Влада на Република Северна Македонија

Бул. „Св. Кирил и Методиј"
бр. 54, 1000 Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 32 28 203
info@sz.gov.mk
www.sz.gov.mk

**Влада на Република Северна Македонија**
- СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ЗАКОНОДАВСТВО -

До: Одделение за управување со човечки ресурси

- Секретаријат за законодавство на Владата на Република Северна Македонија

ПРИЈАВА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ
Интерен оглас бр. 02/2019

| | |
|---|---|
| Работно место за кое аплицирате/ назив и шифра | |
| Име и презиме | |
| Организациона единица | |
| Тековно работно место/ звање и шифра на работно место | |
| Работно искуство | |
| Стручни квалификации/ образование | |
| Дали ги исполнува општите и посебните услови предвидени со Законот за административни службеници за работните места за кое е објавен Интерниот оглас и кои документи ги приложува како доказ: | |
| Работно искуство | |
| Оцена при последно оценување | |
| Податоци за оценување во последните три години | |
| Дали е изречена  дисциплинска мерка една година пред објавувањето на интерниот оглас (заокружи) | ДА НЕ |
| Посетувани обуки во последниве 5 (пет) години и наведете докази | |
| Дополнителни доставени документи и докази | |

Изјавувам под морална, материјална и кривична одговорност дека податоците во пријавата се точни, а доставените докази се верни на оригиналот.

Кандидатот кој внел лажни податоци се дисквалификува од натамошната постапка.

Подносител,

---------------------------

(име, презиме и потпис)


Секретаријат за законодавство
Влада на Република Северна Македонија

Бул. „Св. Кирил и Методиј"
бр. 54, 1000 Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 32 28 203
info@sz.gov.mk
www.sz.gov.mk